Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 27/0206
27.01.2020 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2020 година, врз основа на примена жалба од Петрит Сарачини, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Интернет – порталот „Република", со текстот насловен „Владиниот советник Сарачини ги навреди македонските граѓани", не го прекршил Кодексот на новинарите.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 декември 2019 година, Петрит Сарачини поднесе жалба за текстот со наслов „Петрит Сарачини удри по Македонците", објавен на 28 декември 2019 година, на интернет – порталот „Република" (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето и клевета.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Република" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи за текст чија содржина се заснова на статус на Петрит Сарачини, објавен на социјалната мрежа „Твитер", преку кој тој изразува личен став околу претстојниот изборен циклус во земјава.

Текстот произлегува од јавниот интерес, зашто ставовите на јавните личности се важен фактор во обликувањето на јавното мислење и затоа тие мора да подлежат на строг јавен надзор и поширок обем на критика.

Во текстот се дава вредносен суд и критичко мислење на пораката која јавно ја испраќа Сарачини, а која предизвика полемики во јавноста. Јавните личности се подеднакво одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат јавност и затоа, тие мора да направат јасна проценка за можните ефекти од своите зборови.

За разлика од приватните лица, јавните личности неизбежно и свесно се изложуваат на остро испитување на секој нивни збор и дело, како од страна на новинарите, така и од страна на поширокота јавност и, според тоа, мора да покажат поголем степен на толеранција.

Комисијата констатира и дека предметниот текст бил објавен на уште неколку други интернет – портали по принципот „copy-paste“, со извесен полемичен коментар од страна на медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот „Република“ (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595